## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Шестото продолжение на Сто и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јули 2002 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на РМ,

(сала број 1), со почеток во 15,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

По број на подигнати картички имаме кворум за работа.

62 пратеника ги подигнале картичките и пријавиле свое учество во работата на Собранието.

Минуваме на точка 23 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнвуање на Законот за авторското право и сродните права, со Предлог на закон. Имаме претставник од Владата. Процедурално Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине потпретседателе, јас се согласувам дека деловнички, процедурално се е во ред, меѓутоа проблемот е во тоа што материјалите се испомешани и ние не сме спремни, моментално ги немаме законите пред нас. Дозволете барем пет минути да си ги подредеме законите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Оваа седница е закажана со телеграма. Известени сте, материјелите кои треба да ги средувате еден по еден, ајде да не биде пречка и тоа.

Да направиме техничка проверка, да притиснете на едно од копчињата за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата. Во салата се присутни 62 пратеници.

Продолжуваме со работа.

Предлогот за донесување на законот со Предлог на закон Ви се доставени.

Отворам претрес по Предлогот за донесуваше на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 65 пратеници, 53 за, 9 воздржани и 3 против. Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се рпетресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, 52 за, 7 воздржани и 3 против. Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се рпетресе и Предлогот на законот. Отворам општ претрес по Предлогот на законот. Молам, кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, прво би сакал процедурално да укажам, бидејќи по овој закон имам амаднмани. Прво процедурално, па понатаму би зборувал и по текстот на предлогот на законот. Бидејќи имам подготвени амандмани, доставени се до архива, а тоа го направив од причина, бидејќи претседателот на Собранието во телеграмата која ја добивме беше предложен друг редослед на работење. Еве сега ги потпишувам амаднманите. Ќе почекате, бидејќи беше најавено на седницата да се работи и во дневниот ред и во телеграмата по друг редослед. А бидејќи од причини што немало претставници на Владата или нема доволен број на пратеници вие го изменивте редоследот на дневниот ред и затоа би ве замолил амаднманите да дојдат и да преминете како вие ќе одлучит согласно деловникот, а би сакал да укажам дека се работи за многу важен и многу битен закон, Закон за авторски права во кој во основа е усогласувањето со позитивните прописи на другите развиени демократски земји и во основа овој закон овозможува таква дејност, закон кој е битен во хармонизација со делот на законодавството за влез во ЕУ. И најважно е, се разработува еден дел во заштита на авторските права, во заштита на авторите во она остварување на нивно право и сигурно во најважниот дел, тоа е во стимулирање на остварување на правата од авто рските права на поединецот, на индивидуата во која во секој случај прави напредок и на државата и на општеството и

пред се на интелектуалната сопственост и на граѓаните. Сметам дека овој закон гласаме во првата фаза со одредени дoff градувања во делот на се она што се случува моментално во Република Македонија во делот на авторите, во делот на заштитата на нивните дела и на крајот во делот она што значи надоместок за нивните дела. Во Република Македонија моментално имаме една хаотична состојба, сведоци се целокупната демократска и друга јавност особено одредени автори од музичката сфера за своите дела добиваат никаков надоместок. И пратениците и колегите можат да видат и во денешните изданија на весниците особено во "Вест", одредени врвни интерпретатори на забавната музика, кај нас за одредено свое дело земаат 6, или 8 денари. Еден Слазе Димитров кој често е и во јавноста кој за својата најпозната македонска песна "Чија си" зема 20, или 30 денари надоместок, иако таа се емитува и на македонските радио станици и на македонската телевизија и слично. Во тој дел сметам дека треба да напрвиме нешто, треба да ги заштитиме македонските автори во своите дела во сите сегменти особено пред се во уметноста, она што го创造 и да добиваат соодветен надоместок од користење на нивните дела, бидејќи и другиот начин на заштита на уметниците, на творците во Република Македонија не е на доволен начин стимулирано. Ова е еден сегмент што би можеле од нивните дела од користењето или емитувањето на нивните дела да му дадеме одреден не надоместок, не би рекол одредена сатисфакција, туку одредено правилно нивно третирање на нивните дела и овозможување врз основа на делата,ако сакаме да створаат, да се развиваат за да можат и да живеат од тие дела. Во основа со предложените амандмг ни се прават одредени напори во оваа смисла во која зборувам, делот на нивното организирање да се овозможи целосна нивна заштита и нивно ко-ристење. Па затоа би ве замолил и од процедуралните причнни сигурно за одреден период амаднманите ќе дојдат, би ги запознал и со ова мое излагање и укажување и по амаднманите да ги видат колегите пратеници и за оваа состојба во која се наоѓаат македонските автори да дадеме свој допринос.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Водиме општ претрес, а вие сте ги дале амандманите, ќе дојдат, па ако завршиме со општиот претрес, тогаш ќе имаме помалку напор околу водење на целата процедура, отколку да чекаме па да почнеме одново.

Има збор Гулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, јас саке да ја поддржам дискусијата на претходниот пратеник и да кажам дека донесувањето на овој закон, јас сакам да го поздравам донесувањето на овој закон од причина што областа на авторските права навистина досегг во Република Македонија беше, да не речам лош збор, меѓутоа една дива лига која не беше сместена во законски рамки. Жалам што овој закон не се најде во нормалната процедура во Собранието многу поодамна, меѓутоа сепак, подобро некогаш, отколку никогаш, бидејќи тој долго чека на собраниска процедура и покрај тоа што владината е поодамна завршена. Авторите во сите области не само во естрадата во Република Македонија не се заштитени. Јас не сакам да им верувам на медиумите, а најмалку на еден медиум како што е "Вест", бидејќи за мене тоа претставува жолт печат, меѓутоа им верувам на авторите кои што, особено на познати авто ри од областа на естрадата кои што со поедини композиции кои што станаа не хитови, туку можеби традиција на ова подрачје кои што постојано се емитуваат скоро на сите електронски и радио медиуми, електронски мислам и на радио и на телевизиските медиуми кои што за тоа апсолутно не добиваат никаква надокнада, дури и надокнадите што ги добиваат ако бидат вистински изразени од страна на самите автори ако бидат искажани се смешни.

Сметам дека со донесувањето на овој закон ќе се стави каков, таков ред во оваа област од причина што веројатно со овој закон нема да можат комплетно да се средат работите одделнаш, меѓутоа постоењето на законската рамка и постоењето на санкциите веројатно ќе се обидат да внесат ред во овој простор кој што во Република Македонија досега остана незаштитен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, сигурно дека овој закон требаше да се донесе уште многу поодамна, бидејќи е во делот на измени за авторските права мислам дека е направена неправда и жалам што господинот Гештаковски уште во 1994 година не го донесовме овој закон. Мислам дека изгубивме многу време кој ќе им плати за авторските права од 1994 година. Добро,

добро е, еве сега Гештаковски се залага и да добие во време додека да дојде амандманот. Еве, јас ќе го пополнам времето додека дојдат амандманите, во секој случај ќе ги поддржам и ќе гласам за амандманите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Колегата Гештаковски, најави една работа. Во овој момент додека дојдат амандманите, сега пак ќе се вратиме на Сто и четвртата седница за гласање, а откако ќе стигнат амандманите на господинот Гештаковски ќе продолжиме по оваа точка.

(Седницата прекина во 15,45 часот).